**20160230645**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 февруари 2016 година.

Бр. 08-836/1
8 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2005, 4/2008, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 129/15, 154/15 и 192/15), членот 7-г се брише.

Член 2

Во членот 11 став (1) зборот „писмено“ се брише.

Член 3

Во членот 42 став (4) зборовите: „На писмено барање“ се заменуваат со зборовите: „На барање“.

Член 4

Во членот 112 став (2) зборот „писмено“ се брише.

Член 5

Во членот 132 став (2) зборот „писмено“ се брише.

Член 6

Во членот 162 став (1) зборот „писмено“ се брише.

Член 7

Во членот 230 став (4) зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“.

Член 8

Во Глава 3 во делот 1 во насловот, зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“.

Член 9

Во членот 233 став (1) зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“, по што се додава точка, а зборовите: „(евидентирање во сметководствена евиденција)“ се бришат.

Во ставот (3) зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“.

Член 10

Во членот 234 ставови (1), (2), (3), (4) и (5) зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“.

Член 11

Во членот 234-а ставови (1), (2) и (3) зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“.

Член 12

Во членот 235 ставови (1) и (3) зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“.

Член 13

Во членот 236 став (1) точката а) зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“.

Член 14

Во членот 240 став (1) точка а) и во ставот (2) точка а) зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“.

Член 15

Во членот 240-а ставови (1) и (2) зборот „сметководствената“ се заменува со зборот „царинската“.

Член 16

Во членот 246 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Со исполнување на условот од ставот (3) на овој член може да се врши отпис на износот на побарувањата од царинската евиденцијата.“

Член 17

Во членот 246-а став (1) зборот „сметководствена“ се заменува со зборот „царинска“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Министерот за финансии ја пропишува содржината, начинот на водење и отписот од царинската евиденција на увозните и извозни давачки и други давачки и даноци кои Царинската управа ги наплатува.“

Член 18

Членот 246-б се менува и гласи:

„(1) Износот на давачки евидентиран во царинската евиденција може да биде отпишан во согласност со членот 246 ставови (3) и (4) од овој закон и кога се исполнети условите од членот 247 од овој закон.

(2) Царинската управа носи акт за отпишување од царинската евиденција.

(3) По донесување на актот од ставот 2 на овој член Царинската управа во рок од 30 дена од донесување на актот ја информира Владата на Република Македонија.

(4) Царинската управа на крајот на тековната година, со состојба на 31 декември, ја усогласува состојбата на побарувањата искажани во царинската евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот."

Член 19

Членот 247 став (1) се менува и гласи:

„(1) Царинскиот долг се гаси:

а) со плаќање на износот на давачките;

б) со простување на износот на давачките;

в) со отпис согласно со членот 246 став (4) или

г) ненаплатата на таквиот долг во случај на правно утврдена несолвентност на должникот;

д) кога, во однос на стоката декларирана за царинска постапка која вклучува обврска за плаќање на давачки:

- царинската декларација се поништува во согласност со членот 76 од овој закон и

- стоката пред нејзиното пуштање е или привремено одземена и истовремено или подоцна одземена, уништена по налог на царинскиот орган, уништена или отстапена во согласност со членот 191 на овој закон, уништена или неповратно загубена како резултат на видот и карактеристиките на стоката или непредвидливи околности или виша сила и

ѓ) кога стоката во однос на која настанал долг согласно со членот 217 од овој закон е привремено одземена и истовремено или подоцна е одземена.

Член 20

Во членот 249 став (1) точка б) зборот „сметководствената" се заменува со зборот „царинската".

Член 21

Во членот 250 ставови (1), (2) и (3) зборот „сметководствената" се заменува со зборот „царинската".

Член 22

Во членот 252 став (1) зборот „сметководствената" се заменува со зборот „царинската".

Член 23

По членот 269 се додава нов член 269-а, кој гласи:

„Член 269-а

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице во Царинската управа, ако не донесе решение или друг акт во роковите утврдени со овој закон од денот на поднесување на барањето од членовите 34, 41, 42, 75, 76, 88, 90, 92, 112, 130, 132, 142, 145, 151, 153, 160, 162, 170, 181, 193, 195, 196, 197, 198, 200, 206, 214, 238, 250, 251, 252 и 253 од овој закон.

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд."

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 24

Одредбите од овој закон се однесуваат и за износот на давачки евидентиран во евиденцијата до денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 25

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

### Член 26

Одредбите на членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 23 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

### Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".